НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1831/1
19.12 2014 год.

Врз основа на член 17 став 1 алинеја 1, член 19 и член 20 став 2 од Законот за аудиовизуелни добра („Сл. весник на РМ„бр. 103/08,47/11 и 51/11), како и согласно член 24 став 1 алинеја 15 и член 30 став 1 алинеја 8 од Статутот на Н.У. Кинотека на Македонија (бр.01-1775/1 од 17.12.2010 година), Управниот одбор на својата седница одржана на 27.11.2014 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за прибирање и депонирање на аудиовизелни добра во дигитален формат

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат видовите формати и носачи за прибирање и депонирање на аудиовизуелни дела реализирани во дигитален формат, кои продуцентите ги доставуваат како задолжителен примерок.

### Член 2

Прибирањето и депонирањето на аудиовизуелни добра во Кинотеката на Македонија се врши и преку доброволен примерок, откуп, подарок, размена, легати, завештанија, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица.

На прибирањето на аудиовизуелните добра се применува Законот за авторското право и сродните права.

### Член 3

Согласно Законот за аудиовизуелни добра, доколку филмот е финансиран повеќе од 50% од Агенцијата за Филм на Република Македонија, или филмот е македонска мнозинска ко-продукција, Продуцентот е должен пред премиерата на филмот да ја достави финалната верзија од филмот како и изворните материјали (сите записи на слика и тон кои се основа за создавање на филмот) во одреден формат и носач согласно критериумите утврдени со овој Правилник.

За целосно реализирање на програмските активности на Кинотеката, критериумите од овој Правилник важат и за депонирање и прибирање и на доброволен примерок, откуп, подарок, размена, легати, завештанија, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица.

## КРИТЕРИУМИ НА ВИДОВИ ФОРМАТИ И НОСАЧИ ЗА ПРИБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ

### Член 4

Финалната верзија на филмот, како и изворните материјали се предаваат во Кинотеката на **LTO ленти (од последните 2 генерации форматирани и запишани со LTFS)** и на **2.5" внатрешени тврди дискови (форматирани во Ntfs )** во следниот формат и содржина :

**LTO ленти:LTFS**

**Фолдер_1**

**Film DCP** (некодирано DCP)

DCP со субтитли на македонски и англиски...

**Фолдер_2**

**Trailer DCP**(некодирано DCP)

DCP со субтитли на македонски и англиски...

**Фолдер_3**

**Intermediate** (целиот филм и трејлерот за понатамошно користење на тв и мултимедија)

H.264 1080P Rec709 или Apple Prores 1080P Rec709 или mjpg2000 1080P Rec709

**Фолдер_4**

**DCDM - D-Cinema Distribution Master:**

**Фолдер Слика:**

**Карактеристики на слика:** - TIFF 16 bit uncompress

**color space:** - XYZ

**resolution:** - Flat (1998x1080 or 3996x2160), 1.85:1

- Scope (2048x858 or 4096x1716), 2.39:1
- Full (2048x1080 or 4096x2160) 1.9:1 Not widely accepted
- HDTV (1920x1080 or 3840x2160), 16:9 Not widely accepted

**Фолдер Звук:**

**Карактеристики на звук:**

Некомпресирани аудио фајлови, 24 Bit, 48 kHz. mono WAV files

(секој канал во посебен фајл, пр. 5+1 во 6 засебни моно фајла)

**Фолдер Титлови :**

**Тип на фајлови:** Font, XML subtitle или PNG image subtitle или SRT subtitle

**Фолдер_5**

**Source** (материјали во изворен формат настанати за време на продукцијата)

слика и тон

**Фолдер_6**

**Останати материјали:** EDL. AFL. XML, Сценарио, Скрипта...

**Фолдер_7**

**Пропаганден материјал:** Фотографии од снимање, плакати, флаери...

**2.5“ HDD: Ntfs**

**Фолдер_1**

**Film DCP** (некодирано DCP)

DCP со субтитли на македонски и англиски...

**Фолдер_2**

**Trailer DCP** (некодирано DCP)

DCP со субтитли на македонски и англиски...

**Фолдер_3**

**Intermediate** (целиот филм и трејлерот за понатамошно користење на тв и мултимедија)

H.264 1080P Rec709 или Apple Prores 1080P Rec709 или mjpg2000 1080P Rec709

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 5

Овој Правилник стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла во Кинотеката на Македонија.

УПРАВЕН ОДБОР

претседател

Роберт Јанкулоски